# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

29.12.2023 година
бр.20 година 58
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/1 Градоначалник
29.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) член 36 ст. 1 т.15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 ст.1 т.8 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010,13/2013, 8/2015 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.12.2023 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен

**Член 1**

Со оваа Одлука се **продолжува работното време** во угостителските објекти за и без храна , без оглед на видот на угостителските услуги, на подрачјето на Општина Ресен за **два часа наредниот ден** за деновите:

- 05, 06 и 07.01. 2024 година - (Божик)
- 12,13 и 14.01.2024 година- (Стара Нова година)
- 19 и 20.01.2024 година - Богојавление(Водици)
- 08 и 09. 03.2024година - ( Меѓународен ден на жената)
- 09.04 и 10.04.2024 година - ( Рамазан Бајрам)
- 30.04 и 01.05.2024 година - (Ден на трудот)
- 04, 06.05. 2024 – (Велигден)
- 27.05.2024- (Матурска вечер)
- 24 и 25 05.2024 година - (Св. Кирил и Методиј)
- 14, 15 и 16.06.2024 година - (Курбан Бајрам)
- 05, 06 и 07.07.2024 година – (Иванден и Актерот на Европа)
- 12.07.2024 год. - ( Подмочански средби)
- 15.07.2024 година ( Иселенички средби с.Наколец)
- 18.07.2024 година –(Иселенички средби с.Грнчари)
- 04.08.2024 година –(Иселенички средби с. Болно)
- 08.08.2024 година – (Иселенички средби с. Брајчино)
- 02 и 03.08 2024 – (Илинден) – (Ден на Републиката)
- 27. и 28.08 2024 – ( Успение на Пресвета Богородица)
- 06,07 и 08.09.2024 година –(Ден на независноста)
- 11 и 12.11.2024 година - ( Ден на народното востание )
- 22 и 23.11.2024 година - (Ден на македонската револуционерна борба)
- 06,07 и 08.12. 2024 година - ( Св. Климент Охридски )

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2675/4 Претседател
28.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за номинирање член на управен одбор на Центар за социјална работа - Ресен

Се објавува Решение за номинирање член на управен одбор на Центар за социјална работа - Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/2
29.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 23 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Ресен ( „Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021), а во врска со член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.12.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за номинирање член на Управен одбор на
Центар за социјална работа – Ресен

1. За член на Управен одбор на Центар за социјална работа - Ресен се номинира лицето,

- Илче Ристевски - вработен во општинската администрација на Општина Ресен.

2. Решението влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен “

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

БР.08-2675/5
28.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/3
29.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02) и член 14 од Статутот на Општина Ресен , (,, Службен гласник на Општина Ресен бр. 7/2010,13/2013,8/2015,11/2015 и 10/21 ) Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 28.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А

за воспоставување меѓуопштинска соработка
помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен.

Член 2

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку вршење на работи од областа на управување и располагање со градежно земјиште сопственост на РСМ, од страна на Општина Ресен, во и за сметка на Општина Демир Хисар.

Член 3

За остварување на меѓуопштинската соработка ќе се склучи Договор за вршење на определени работи од страна на една општина за друга општина, во смисла на член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општината Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2675/6 Претседател
28.12.2023 год. Ирена Кукуловска Стрезовска с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на локален акциски план за управување со отпад на Општина Ресен за 2024 -2025

Се објавува Одлука за донесување на локален акциски план за управување со отпад на Општина Ресен за 2024 -2025, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/4 Градоначалник
29.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ број 5/02) и член 23 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен„ број 7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 28.12.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за донесување на локален акциски план за управување со отпад**
**на Општина Ресен**
**за 2024-2025**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува локалниот акциски план за управување со отпад (ЛАП) на Општина Ресен за 2024-2025.

**Член 2**

Локалниот акциски план за управување со отпад (ЛАП) на Општина Ресен особено содржи: значењето на планот, процесот на изработка, основни податоци на општината, приоритети, мерки и проекти, методи за имплементација на планот, евалуација, вклученоста на засегнатите страни, финансиски план за реализација со потребната временска рамка и техничката поддршка.

**Член 3**

Локалениот акциски план за управување со отпад (ЛАП) на Општина Ресен за 2024-2025 е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2675/7
28.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА 2024-2025

**Ресен, декември 2023**

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА 2024-2025



Овој документ е разработе во рамките на Проектот "Одржливо управување со отпадот на локално ниво,, кој е финансиран од СИДА (Шведската агенција за меѓународна развојна соработка), а имплементиран од Шведската асоцијација на локални власти и региони (САЛАР) и нејзината подружница САЛАР Интернационал.

## Содржина

Предговор од градоначалникот ........ 3
1 Вовед ........ 5
2 Национална легислатива и обврски ........ 6
3 Анализа на постоечка состојба ........ 7
4 Акциски план за 2024-2025 ........ 10
5 Следење на реализација на ЛАП и известување ........ 17
6 Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија ........ 20
Изјава за транспарентност ........ 21

## Предговор од Градоначалникот

Почитувани,



Со особена чест и задоволство ви го претставувам Локалниот акциски план за управување со отпад (ЛАП) на општина Ресен 2024-2025 година, општината во која живееме, твориме и градиме иднина за нашите идни генерации.

Со овој план настојуваме да придонесеме кон информирањето на јавноста за работата и плановите на општината и да обезбедиме разбирање и поддршка за нашите напори во остварувањето на стратешките цели на нашата општина преку интензивната и конструктивната соработка во рамките на самата општина, како и соработка со другите засегнати страни во процесот на стратешкото планирање.

Имајќи ги предвид постигнатите резултати, од ефективно спроведување на процесот на децентрализација но и согледаните предизвици, локалниот акциски план (ЛАП) на општина Ресен обезбедува континуиран, осмислен и инклузивен пристап во спроведувањето на политиките за економски, социјален, урбан и демократски развој на локално ниво, во наредниот двогодишен период.

Во овој плански период, главната цел, преку одржливо управување со отпадот и ефикасно користење на ресурсите, е создавање на економски посилна, развојно ориентирана и инклузивна општина, способна да обезбеди сеопфатен, иновативен и одржлив локален раст, брз развој и квалитетен живот за сите.

Доброто управување, интегрираниот развој заснован на знаење преку зајакнување на локалната конкурентност и иновативност, еднаквиот пристап до локалните услуги за сите граѓани, како и социјалната благосостојба и одговорното користење на природните ресурси, се четирите клучни столбови на планот, кои што ќе ги определат мерките и активностите за остварување на планираниот напредок во наредниот плански период.

Содржината и концептот на изработка на ЛАП на општината, обезбедуваат сознанија за тоа од каде потекнуваат притисоците со одговори како подобро да управуваме со нив, како подобро да го планираме економскиот и урбаниот развој, како да се грижиме за природните богатства и истите да ги зачуваме, и како да имаме одржлив туризам и регионот да го направиме дом за луѓето и природата.

Во моментот се уште има потреба од воспоставување на основната инфраструктура за собирање, селектирање, третман и преработка, како и отстранување на отпадот, па затоа потребно е зајакнување на обврските на сите чинители во управувањето со отпадот, како и

соодветна примена на начелата на циркуларната економија заради минимизирање на количините на отпадот и заштита на ресурсите.

Во изминатиот период направиме сериозен исчекор и видлив напредок во низа области. Меѓутоа, свесни сме дека пред нас останува уште многу работа и соочување со многу предизвици, многу премрежувања на нашите желби, очекувања и реалности. Затоа, при подготовка на ЛАП, темелно ги анализиравме и внатрешните и надворешните предизвици, ги оценивме нашите капацитети и ги поставиме нашите стратешки приоритети и цели.

Во наредниот период, ќе се стремам ЛАП да биде продолжување на нашите напори во воспоставувањето соработка со сите засегнати страни и главен патоказ за реализација на целите кои се вцртани во него.

Подготвеноста за реализација на мерките и активностите ќе претставува најдобра промоција на нашата општина како „урбана, но и еколошки одржлива средина“.

Посебно ја очекувам вашата несебична поддршка за мерките и активностите кои ќе следат во следниот период, согласно временската и приоритетната рамка, и учество во нивната реализација за обезбедување одржлив развој на општината.

Планот има вредност само ако се спроведе.

Со почит,

Градоначалник на општина Ресен

Јован Тозиевски

# 1 Вовед

На патот кон одржливо управување со отпадот, Република Северна Македонија веќе има преземено чекори кои постепено ги надминуваат постоечките проблеми за подобрување на системите за собирање и третман на отпадот и премин од линеарна во циркуларна економија. Новиот Закон за управување со отпадот[1], Планот за управување со отпад 2020-2030, воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад, како и воспоставување на организации за проширена одговорност на производителите поставија солидна основа за воспоставување на ефективна оперативна рамка и подобрување на капацитетите и праксите на сите чинители во областа.

Следејќи ги насоките од регионалните планови за управување со отпад, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ спроведуван од SALAR International, а финансиран од шведската влада преку Сида, беше развиен Оперативен регионален план за управување со отпад (ОРПУО) за пелагонискиот и југозападниот регион. Изработен заедно со општините од двата плански региона, ОРПУО претставува практичен документ кој ги локализира националните приоритети и цели и овозможува оптимално искористување на општинските ресурси. Инклузивниот и транспарентен процес го засили сопствеништвото врз планот и им овозможи на сите чинители подобро да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот.

Важен дел од целиот процес е и склучениот договор за заем од 55 милиони евра со Европската банка за обнова и развој кој вклучува изградба на три регионални депонии, набавка на возила и опрема како и техничка помош за поддршка на регионалниот систем за управување со отпад. Заемот ќе обезбеди средства за нужното модернизирање на возниот парк на општинските комунални претпријатија и ќе ја нагласи клучната улога на (про)активното учество на општините во одржливото управување со отпадот.

Локалниот акциски план (ЛАП) за управување со отпад 2024-2025 на општина Ресен беше изработен со цел да се утврдат локалните политики за управување со отпадот, да се утврди опсегот на интервенциите и да се постават јасни цели со детални чекори за нивна реализација. Насоките во планот за намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните пракси за селекција, собирање и депонирање на отпадот се во согласност со меѓунардоните стандарди и добри пракси за цврст отпад и директно водат кон намалување на влијанието врз животната средина. Регионалната перспектива и нагласокот на меѓуопштинската соработка беа меѓу приоритетите при изработката на ЛАП. Спојувањето на двата региона (пелагониски и југозападен) во еден регион за управување со отпад создава можност, но и обврска за блиска соработка помеѓу општините. Интегрирањето на инклузивните процеси и родовата перспектива во финалниот документ ќе придонесе кон зголемена родова еднаквост, подобар пристап на ранливите групи до услугите во секоја од општините и подобрување на квалитетот на живот на населението.

Планот беше изработен од работна група посебно формирана за оваа цел, во состав:

[1] Закон за управување со отпад (Службен Весник бр. 216/2021)

1. **Ајман Ал Малла – Раководител на Сектор за животна средина**
2. **Кети Чачоровска – Сектор за животна средина**
3. **Андријана Георгиевска Забековска – Инспектор за животна средина**
4. **Марчел Косентину Русу – Директор на ЈКП Пролетер**
5. **Вики Рабациевска – ЈКП Пролетер – Одговорен за управување со отпад**
6. **Пвел Заец - ЈКП Пролетер – Одговорен за компостара**
7. **Даниела Апостоловска – Помошник раководител на Сектор за финансиски прашања**

## 2 Национална легислатива и обврски

Развојот на законодавството и политиките од областа на животната средина се прилично динамични процеси и Република Северна Македонија постојано ги следи тековите и промените во еколошкото законодавство на ЕУ како правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животната средина, вклучувајќи го и управувањето со отпадот. Во тој поглед, новиот Закон за управување со отпад ја транспонира европската директива за отпад (2008/98/ЕС) како и новата директива со измените од 2018 година (2018/851) со што се нагласува обврската на локалната самоуправа да управува со комуналниот отпад. Новиот закон јасно се повикува на начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и на начелото за универзалност на услугата за управување со отпадот и го допрецизира регионалниот систем за управување со отпадот како и улогите на националните и локалните актери. Со стимулација на мерки за намалување на количината на создаден отпад и одржливо управување со отпадот, Законот цели кон зачувување на ресурсите и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020 ја одразува политиката за управување со отпад и претставува основа за подготовка и спроведување на интегриран и финансиски одржлив систем. Стратегијата обезбедува насоки за активностите во областа на управувањето со отпадот со цел да се надмине неприфатливата состојба на животната средина во земјава која има негативно влијание врз водата, почвата и воздухот како и врз човековото здравје.

Надоврзувајќи се на основата поставена од Стратегијата, Националниот план за управување со отпад 2020-2030 ја дефинира рамката за креирање и функционирање на интегриран систем за управување со отпад во согласност со хиерархијата за отпад и законодавството на ЕУ и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот во согласност со приликите во Република Северна Македонија. Одржливо функционирање на базичната инфраструктура за управување со комуналниот отпад (организациски и финансиски структури, техничка инфраструктура и правна рамка) е основната цел на Планот.

Институционалната рамка за управување со отпад е јасно дефинирана. Министерството за животна средина и просторно планирање е институција која е одговорна за креирање на политиката за управување со отпад на национално ниво, додека политиката на локално ниво е одговорност на општините. Оперативните активности како што се собирање, селекција, транспорт и депонирање се организирани преку јавните комунални претпријатија.

Колективните постапувачи се исто така дел од системот за управување со различни текови на отпад, како на пример отпад од пакување, отпад од електрична и електронска опрема, отпад од батерии и акумулатори и други текови отпад кои го помагаат управувањето преку воспоставување дополнителна мрежа за селекција и спроведуваат активности за подигнување на јавната свест.

Со цел обезбедување финансиски само-одржлив систем за управување со отпад, Законот за управување со отпад го наложува и промовира регионалниот пристап. Регионалниот систем за управување со отпад подразбира здружување на општините во пет региони, формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпадот за секој регион и изградба на регионални депонии со кои ќе управува Регионално комунално претпријатие. Изготвувањето и следењето на реализацијата на Регионалниот план за управување со отпад е обврска на новоформираните организациски единици за управување со отпад во Центрите за развој на планските региони.

Регионалното управување со отпад претставува современ, стратешки пристап во управувањето со отпадот и предуслов за систематско решавање на проблемите со отпадот. Интегрираното регионално управување со комуналниот цврст отпад подразбира постепено затворање на несанитарните комунални и диви депонии откако новите регионални санитарни депонии ќе станат оперативни.

## 3 Анализа на постоечка состојба

Општина Ресен е сместена во Преспанската Котлина, која на Балканскиот Полуостров се јавува како карактеристично геоморфолошки неистечно подрачје со релативно голема надморска височина чие дно започнува од 853 метри апсолутна надморска височина (нивото на Преспанското Езеро) до 2.601 метри апсолутна надморска височина (врвот Пелистер на Баба Планина).



Ресен, административниот центар на Општина Ресен е сместена во Преспанската Котлина, која на Балканскиот Полуостров се јавува како карактеристично геоморфолошки неистечно подрачје со релативно голема надморска височина чие дно започнува од 853 метри апсолутна надморска височина (нивото на Преспанското Езеро) до 2.601 метри апсолутна надморска височина (врвот Пелистер на Баба Планина).е живописен град сместен на падините од планината Галичица веднаш до Преспанското Езеро. Познат е по јаболковите овоштарници, прекрасни пејзажи и една од светските професионални керамички колонии под заштита на Унеско. Општина Ресен располага со одлични услови за развој на земјоделството и туризмот.

Територијата на Општина Ресен опфаќа 44 населени места, 43 села и градот Ресен кој претставува територијален и општински центар. Градот Ресен лежи во северниот дел на Преспанската Котлина, од двете страни на Голема Река, на надморска височина од околу 880 м. При тоа само 39 од нив се активни. Вкупен број на жители според пописот од 2021 година изнесува 14.373 жители од кои 49,98 % жени и 50,02 % мажи. Населението е распоредено во 4.906 домаќинства со просечен број на членови во домаќинство 2.93 и просечна населеност од 26,57 жители/км². Населението во градот Ресен изнесува 55 % од вкупниот број во општината, додека населението во селата изнесува 45%.

Табела 1: Население и населни места на територијата на општина Ресен

| Име | Број на жители | Име | Број на жители |
|---|---|---|---|
| Арвати | 119 | Курбиново | 101 |
| Асамати | 168 | Лавци | 118 |
| Болно | 195 | Лева Река | 41 |
| Брајчино | 68 | Лескоец | 0 |
| Волкодори | 88 | Љубојно | 141 |
| Горна Бела Црква | 213 | Наколец | 212 |
| Горно Дупени | 33 | Отешево | 0 |
| Горно Крушје | 55 | Петрино | 0 |
| Грнчари | 311 | Подмочани | 261 |
| Долна Бела Црква | 179 | Покрвеник | 70 |
| Долно Дупени | 174 | Прељубје | 7 |
| Долно Перово | 111 | Претор | 116 |
| Дрмени | 361 | Рајца | 51 |
| Евла | 51 | Сливница | 170 |
| Езерани | 137 | Сопотско | 152 |
| Златари | 72 | Стење | 304 |
| Избишта | 128 | Стипона | 0 |
| Илино | 0 | Царев Двор | 470 |
| Јанковец | 1106 | Штербово | 137 |
| Козјак | 85 | Шурленци | 75 |
| Коњско | 13 | **Вкупно (1)** | **6.469** |
| Крани | 361 | Град Ресен | 7.904 |
| Кривини | 15 | **Вкупно (2)** | **14.373** |

Табела 2: Вкупна количина на создаден и собран отпад по вид и години во тони и $м^3$

| ОПШТИНА РЕСЕН | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНИ (во тони) | | | | | | |
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
| | Создаден | Собран | Создаден | Собран | Создаден | Собран * |
| Хартија | | 18 | | 20 | | |
| Стакло | | 31 | | 16.8 | | |
| Пластик | | 13 | | 15 | | |
| Органски отпад | | 509 | | 304 | | 81 |
| Градежен отпад | | | | | | |
| Кабаст отпад | | | | | | |
| Останат комунален отпад | | 5040 | | 5095 | | 585 |
| ВКУПНО | 7508 | 5611 | 6838.7 | 5450. | | 666 |
| % на сортиран | | 10.18 | | 6.53 | | 12.16 |
| % на собран | | 74.73 | | 79.70 | | |
| % на домаќинства | | 75 | | 80 | | 80 |
| % на наплатен надомест | | | | | | |

* Забелешка: Официјален податок за 2022 испратен до МЖСПП

Табела 3: Возила за управување со отпад во општина Ресен

| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Назив на возило | Модел | Тип | Година на производств | Капацитет ($м^3$) | Вкупен број вакви |
| Автосмеќар- Вариопрес | Мерцедес Актрос | 1840 | 1999 | 15 | 2 |
| Автосмеќар- Вариопрес | Мерцедес Актрос | 1317 | 2000 | 13 | 1 |
| Автосмеќар- Вариопрес | Ивеко | 65-9 | 1996 | 5 | 1 |
| Автоподигнувач со ланци | Мерцедес | 1722 | 2001 | / | 1 |
| Автосмеќар- Вариопрес | Ивеко Еурокарго | 160 Е 22 | 2008 | 13 | 1 |
| Ровокопач | ЈЦБ | 4Х4 | 1995 | / | 1 |
| Автосмеќар- Вариопрес | Ивеко | 72-150 | 2015 | 7 | 1 |
| Автосмеќар- Вариопрес | Рено | | | 13 | 1 |
| Булдужер гусеничар | ТГ Лиу Гонг | 160 | 2020 | / | 1 |

## 4 Акциски план за 2024-2025

## ОПШТИНА РЕСЕН

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1** | **Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници** | | | | | | | | |
| Цел 1.1 | Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање | | | | | | | | |
| **Акција 1.1.2, 1.1.3 и 1.1.5** | **Мапирање на проблемите во процесот на собирање и транспорт на отпадот** | | | | | | | | |
| Координација со: | САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.1.1 | Спроведување на сеопфатна анализа за собирање и транспорт на отпадот и потребната инфраструктура на подрачјето на општината | 1 месец | 1/2024 | ЈКП Пролетер | / | / | / | Нема соодветна анализа за идентификација на проблемите поврзани со собирање и транспортирање на отпадот | Проблемите се идентификувани и подготвен е извештај со препораки за надминување на истите |
| 1.1.1.2 | Спроведување на сеопфатна анализа за потребните собирни центри за селекција на отпадот | 1 месец | 1/2024 | ЈКП Пролетер | / | / | / | | |
| 1.1.1.3 | Реализација на пропораките од анализата | 3 месеци | 2/2024 | ЈКП Пролетер, општина Ресен | / | / | Општина Ресен во консултација со ЈКП Пролетер | | |
| **Приоритет 1** | **Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници** | | | | | | | | |
| Цел 1.2 | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери (подобра инфраструктура) | | | | | | | | |
| **Акција 1.2.1** | **Идентификување на извори на финансирање** | | | | | | | | |
| Координација со: | САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.2.1.1 | Спроведување на анализа за потребната инфраструктура и оперативните трошоци | 1 месец | Прв квартал од 2024 година | Одделение за ЛЕР, Сектор за животна средина и ЈКП Пролетер | / | / | Со поддршка на вработени во Секторот за финансиски прашања при општината | Нема анализа на изворите на финансирање | Анализата е спроведена и донаторите и потенцијалните извори се идентификувани |
| 1.2.1.2 | Изработка на листа на донатории и останати извори на финансирање согласно анализата | 1 месец | Втор квартал од 2024 година | Одделение за ЛЕР, Сектор за животна средина и ЈКП Пролетер | / | / | / | | |
| **Приоритет 1** | **Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници** | | | | | | | | |
| Цел 1.2 | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери | | | | | | | | |
| **Акција 1.2.2** | **Набавка на возила и канти/контејнери** | | | | | | | | |
| Координација со: | МЖСПП | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.2.2.1 | Изработка на листа со потребни возила, канти и контејнери | 2 месеци | 2/2024 | ЈКП Пролетер | / | / | Во консултација со Сектор за животна средина и одделение за ЛЕР | Недоволен број на возила и канти/контејнери и застарен возен парк | Набавена нова опрема за потребите на општината |
| 1.2.2.2 | Набавка на опремата | 3 месеци | 3/2024 - 4/2024 | ЈКП Пролетер | Во согласност со договорот за јавнта набавка | Буџетот на МЖСПП, општинскиот буџет и ЕУ фондови | Консултација со МЖСПП | | |
| 1.2.2.3 | Поставување на новата опрема на соодветни локации | 1 месец | 3/2024 - 4/2024 | ЈКП Пролетер | / | / | Во консултација со Сектор за животна средина | | |
| **Приоритет 1** | **Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници** | | | | | | | | |
| Цел 1.2 | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери (подобра инфраструктура) | | | | | | | | |
| **Акција 1.2.3** | **Обезбедување обуки за вработените во ЈКП Пролетер (градење капацитети на човечките ресурси)** | | | | | | | | |
| Координација со: | ЈКП Пролетер | | | | | | | | |

| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.3.1 | Ангажман на експерт за испорака на обуките | 2 месеци | 3/2024 | Одделение за човечки ресурси | / | / | Консултација со експерт за градење на капацитети | Нема доволно организирани обуки наменети за вработените | Соодветни програми и обуки се развиени и испорачани на вработените<br><br>Подобрен и зајакнат капацитетот на човечките ресурси<br><br>Најмалку 40% од обучените се жени |
| 1.2.3.2 | Подготовка на програма за спроведување на обуките | 1 месец | 3/2024 | ЈКП Пролетер | 30,000 МКД | Буџет на ЈКП Пролетер и општинскиот буџет | / | | |
| 1.2.3.3 | Испорака на обуките за вработените | 12 месеци | 1/2025 - 4/2025 | ЈКП Пролетер | 90,000 МКД | Буџет на ЈКП Пролетер и општинскиот буџет | / | | |
| **Приоритет 2** | **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад** | | | | | | | | |
| Цел 2.1 | Идентификувани количини на посебни текови што се создаваат во општината | | | | | | | | |
| **Акција 2.1.1 и 2.1.2** | **Подготовка на листа за посебни текови на отпад и анализа за утврување на специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината** | | | | | | | | |
| Координација со: | САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.1.1.1 | Изработка на листа за посебни текови на отпад што се создаваат во општината | 2 месеци | 1/2024 | ЈКП Пролетер | / | Донаторска поддршка - САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Сеопфатна анализа нема, има нецелосни информации за посебните текови на отпад | Видовите и количините на посебниот отпад се идентификувани<br><br>Подготвена анализа на специфични текови на отпад и начин на постапување |
| 2.1.1.2 | Анализа на посебни и специфични текови на отпад што се создаваат на територијата на општината и начин на постапување | 2 месеци | 2/2024 | ЈКП Пролетер | / | Донаторска поддршка - САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 2.1.1.3 | Изработен извештај и листа за посебни текови на отпад | 1 месец | 2/2024 | ЈКП Пролетер | 50,000.00 ден | Донаторска поддршка - САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| **Приоритет 2** | **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад** | | | | | | | | |
| Цел 2.2 | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | | |
| **Акција 2.2.1 и 2.2.2** | **Анализа на пазарот на материјали за рециклирање и трошоци за селекција на отпадот** | | | | | | | | |
| Координација со: | САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.1.1 | Ангажман на експерт за спроведување на анализата отпадот, негова преработка и третман | 1 месец | 1/2024 | ЈКП Пролетер и Сектор за животна средина | / | Донаторска поддршка - САЛАР | Координација со претставници на засегнатите страни и САЛАР | Не постои анализа во моментов | Подготвена анализа на пазарот на материјали и трошоци за селекција и рециклирање на отпад<br><br>Дефинирана најмалку една можност/придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и рециклирање на отпад |
| 2.2.1.2 | Спроведување на сеопфатна анализа на пазарот според однапред утврдена методологија | 2 месеца | 2/2024 | ЈКП Пролетер и Сектор за животна средина | / | Донаторска поддршка - САЛАР | Координација со претставници на засегнатите страни и САЛАР | | |
| 2.2.1.3 | Изработка на извештај за можности за селекција и рециклирање на отпад и трошоци / придобивки | 1 месец | 2/2024 | ЈКП Пролетер и Сектор за животна средина | 150,000.00 ден | Донаторска поддршка - САЛАР | Координација со претставници на засегнатите страни и САЛАР | | |
| **Приоритет 2** | **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад** | | | | | | | | |
| Цел 2.2 | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | | |
| **Акција 2.2.3 и 2.2.4** | **Мобилизирање на поддршка за воведување систем за селекција на отпадот во општината (воведување на стимулативни мерки) и подигнување на јавната свест** | | | | | | | | |
| Координација со: | САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.3.1 | Еколошка едукација на тема селекција на отпадот и придобивките од селекција на отпадот и вклучување на јавноста во одделното собирање | 12 месеци | 1/2024 - 4/2024 | Одделение за животна средина и управување со отпад и ЈКП Пролетер | 30,000.00 ден | Буџет на општина Ресен, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Техничка подршка од одговорниот за еколошка едукација од општинската администрација | Не постои континуирана поддршка (едукација и кампањи) за воведување систем за селекција на отпадот<br><br>Потребно е адаптирање на надоместот по вид/количина создаден отпад | Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција на отпад<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи<br><br>Подготвени се препораки за утврдување надомест по вид/количина создаден отпад |
| 2.2.3.2 | Одредување на соодветни места за собирање на посебни фракции од комуналниот отпад кои имаат употребна вредност | 1 месец | 3/2024 | Одделение за урбанизам и ЈКП Пролетер | / | / | / | | |
| 2.2.3.3 | Подготовка на препораки за утврдување надомест по вид/количина создаден отпад | 1 месец | 4/2024 | ЈКП Пролетер | / | / | / | | |
| 2.2.3.4 | Спроведување на кампања за подигнување на свеста за придобивките од селекција на отпад | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Одделение за животна средина и управување со отпад и ЈКП Пролетер | 200.000,00 ден. | Донаторска поддршка - САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | |
| | **Приоритет 2** | **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад** | | | | | | | |
| | Цел 2.3 | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| | **Акција 2.3.1** | **Идентификување можности за финансирање и обезбедување ефективно финансиско управување** | | | | | | | |
| | Координација со: | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.1.1 | Спроведување детална анализа за техничките, финансиските, организациските и други барања за селекција на отпадот | 2 месеци | 4/2024 | Одделение за животна средина и управување со отпад и ЈКП Пролетер | 90,000.00 ден | Буџет на општина Ресен, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Техничка подршка од експерт за финансиски менаџмент | Потребно е поефективно финансиско управување за селекција и собирање на отпадот | Подготвен извештај со препораки за најефикасната шема за селекција и селективно собирање на рециклабилните материи |
| 2.3.1.2 | Подготовка на извештај со препораки за поефикасна селекција и собирање на рециклабилните материи | 2 месеци | 1/2025 | Одделение за животна средина и управување со отпад и ЈКП Пролетер | Вклучено во горната ставка | Буџет на општина Ресен, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Техничка подршка од експерт за финансиски менаџмент | | |
| | **Приоритет 2** | **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад** | | | | | | | |
| | Цел 2.3 | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| | **Акција 2.3.2 и 2.3.7** | **Идентификување локации за капацитети за селекција на отпад и набавка на контејнери, канти и возила за собирање отпад** | | | | | | | |
| | Координација со: | МЖСПП, засегнати страни, колективни постапувачи | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.3.2.1 | Изработка на потребната урбанистичка и проектно – техничка документација за поставување на потребната опрема за примарната селекција на отпад | 1 месеци | 2/2024 - 3/2024 | Одделение за урбанизам и ЈКП Пролетер | / | МЖСПП | / | Документацијата не е изготвена | Потребната документација е изготвена<br><br>Набавената опрема е распоредена на целото подрачје на општината |
| 2.3.2.2 | Поставување на набавената опрема опрема (канти, контејнери и возила)за примарната селекција на отпад | 2 месеци | 4/2024 | ЈКП Пролетер | Согласно договорот за јавната набавка | Буџет на МЖСПП, буџет на општината, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Соработка со заинтересирани претпријатија (договор со колективни постапувачи) | | |
| | **Приоритет 2** | **Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад** | | | | | | | |
| | Цел 2.3 | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
| | **Акција 2.3.8** | **Дизајнирање и спроведување на пилот проекти за селекција на отпад** | | | | | | | |
| | Координација со: | Засегнати страни, колективни постапувачи | | | | | | | |

| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.3.8.1 | Спроведување детална анализа за техничките, финансиските и други предуслуви за воспоставување систем за примарна селекција на отпадот | 2 месеци | 4/2024 | Одделение за животна средина и управување со отпад и ЈКП Пролетер | 60,000.00 ден | Буџет на општина Ресен, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Техничка подршка од експерт за финансиски менаџмент | Има потреба од воспоставување поефикасен систем за селекција на отпад | Воспоставен е поефикасен систем за примарна селекција на отпадот<br><br>Пилот проектот е дизајниран и се спроведува |
| 2.3.8.2 | Формулирање на пилот-проект за примарна селекција на отпад | 1 месец | 4/2024 | Одделение за животна средина и управување со отпад и ЈКП Пролетер | Вклучено во горната ставка | Буџет на општина Ресен, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Координација со заинтересирани претпријатија (договор со колективни постапувачи) | | |
| 2.3.8.3 | Пилотирање на проектот - Воведување на систем од две канти за селектирање на отпадот | 3 месеци | 1/2025 | ЈКП Пролетер | Вклучено во горната ставка | Буџет на општина Ресен, буџет на ЈКП Пролетер и донатори | Соработка со заинтересирани претпријатија (договор со колективни постапувачи) | | |
| **Приоритет 3** | | **Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија** | | | | | | | |
| Цел 3.1 | | Создавање пресретлива средина за селекција на органски отпад | | | | | | | |
| **Акција 3.1.1 и 3.1.2** | | **Анализа на количини и модели на органски отпад и исплатливост и придобивки за селекција и третман на органски отпад** | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.1.4.1 | Ангажман на експерт за изработка на анализата | 1 месец | 1/2024 | ЈКП Пролетер и Одделение за животна средина | / | Донаторска поддршка - САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Не постои анализа на количини и модели на органски отпад | Подготвена анализа со препораки за исплатливост и придобивки од селекција на органски отпад<br><br>Дефинирана најмалку една можност/придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и третман на органски отпад |
| 3.1.4.2 | Спроведување на анализа за количини и модели на органски отпад | 2 месеца | 2/2024 | ЈКП Пролетер и Одделение за животна средина | / | Донаторска поддршка - САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 3.1.4.3 | Подготовка на извештај за количини и модели на органски отпад со препораки за исплатливост и придобивки од селекцијата | 1 месец | 2/2024 | ЈКП Пролетер и Одделение за животна средина | 150,000.00 ден | Донаторска поддршка - САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| **Приоритет 3** | | **Намалување на количините за органски отпад кои завршуваат на депонија** | | | | | | | |
| Цел 3.1 и 3.3 | | Воведување систем за селекција, собирање и транспортирање на органски отпад | | | | | | | |
| **Акција 3.1.4 и 3.3.1** | | **Обезбедување услуга за собирање и транспортирање на органскиот отпад и подигнување на јавната свест за селекција на органски отпад** | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП, соседни општини, САЛАР | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 3.1.4.1 | Спроведување на анализа за потребниот број посебни садови и локација за селекција на овој тек на отпад | 2 месеци | 2/2024 | ЈКП Пролетер | / | / | Во соработка со општина Ресен и МЖСПП | Граѓаните и правните субјекти немаат соодветни можности за селекција на органски отпад<br><br>Постои потреба од зголемување на свеста за селекција на органски отпад | Овозможен е пристапот за селекција на органски отпад<br><br>Воспоставена е соработка со други општини за управување со органски отпад<br><br>Реализирани кампањи за подигнување на свеста за секеција на органски отпад<br><br>Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи |
| 3.1.4.2 | Набавка и поставување на садовите на утврдени локации | 1 месец | 3/2024 | ЈКП Пролетер | Согласно договорот за јавна набавка | МЖСПП | / | | |
| 3.1.4.3 | Воспоставување меѓуопштинска соработка за управување со органскиот отпад | 24 месеци | 1/2024 - 4/2025 | Општина Ресен и ЈКП Пролетер | / | / | Во соработка со соседните општини во ППР | | |
| 3.1.4.4 | Подигање на свеста за селекцијата на органскиот отпад | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | Општина Ресен и ЈКП Пролетер | 200,000.00 ден | Донаторска поддршка - САЛАР | Одговорното лице за еколошка едукација | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 5** | **Затварање и санација на ѓубришта** | | | | | | | | |
| Цел 5.1 | Изработени се општински планови за затворање и санација | | | | | | | | |
| **Акција 5.1.1 и 5.1.2** | **Мапирање на општински ѓубришта и проценка на трошоците за затворање** | | | | | | | | |
| Координација со: | Инспекторат за животна средина | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 5.1.1 | Изработка на методологија за мапирање | 1 месец | Прв квартал од 2024 | ЈКП Пролетер и Одделение за животна средина | / | / | Консултација со експерт за отпад | Општинските ѓубришта не се целосно мапирани<br><br>Не постои регионална база на податоци | Општинските ѓубришта се мапирани и направена е проценка на финансиските средства за затворање/санација<br><br>Креирана е регионална база на податоци за ѓубришта |
| 5.1.2 | Спроведување на мапирањето | 3 месеци | Втор квартал од 2024 | ЈКП Пролетер и Одделение за животна средина | 70,000.00 ден | Општински буџет | / | | |
| 5.1.3 | Проценка на видот, количината и финансиските средства за санација/затворање | 1 месец | Втор квартал од 2024 | Одделение за Животна средина | 60,000.00 ден | Општински буџет | Консултација со ЈКП Пролетер и Инспекторот за Ж.С. и одделение за финансии и буџет | | |
| 5.1.4 | Креирање на база на податоци на ѓубришта на регионално ниво | 3 месеци | Трет квартал од 2024 | Одделение за животна средина | 150,000.00 ден | Донаторска поддршка - САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | |
| **Приоритет 5** | **Затворање и санација на ѓубришта** | | | | | | | | |
| Цел 5.2 | Реализиран е планот за затворање и санација | | | | | | | | |
| **Акција 5.2.1 и 5.2.2** | **Спроведување на планот според поставените приоритети и следење и евалуација на активностите** | | | | | | | | |
| Координација со: | ЈКП Пролетер | | | | | | | | |
| | | **243.961.985** | **9.448.190** | **218.115.487** | **11.536.637** | **0** | **483.062.299** |
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **60.325.426** | **0** | **199.940.750** | **0** | **0** | **260.266.176** |
| 401 | Osnovni plati | 39.865.745 | 0 | 143.702.546 | 0 | 0 | 183.568.291 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 15.474.481 | 0 | 56.191.854 | 0 | 0 | 71.666.335 |
| 404 | Nadomestoci | 4.985.200 | 0 | 46.350 | 0 | 0 | 5.031.550 |
| **41** | **REZERVI I NEDEFINIRANI RASHODI** | **1.287.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.287.500** |
| 412 | Postojana rezerva (nepredvidlivi rashodi) | 1.133.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.133.000 |
| 413 | Tekovni rezervi (raznovidni rashodi) | 154.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 154.500 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **38.132.744** | **9.032.070** | **16.841.289** | **5.467.483** | **0** | **69.473.586** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 1.009.400 | 234.840 | 18.540 | 63.036 | 0 | 1.325.816 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 10.964.350 | 2.448.310 | 10.681.679 | 220.626 | 0 | 24.314.965 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 2.013.650 | 4.416.640 | 1.058.840 | 0 | 0 | 7.489.130 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 5.634.100 | 516.545 | 1.196.040 | 56.732 | 0 | 7.403.417 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 4.815.334 | 1.046.995 | 3.345.440 | 3.535.945 | 0 | 12.743.714 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 11.326.910 | 368.740 | 540.750 | 252.144 | 0 | 12.488.544 |
| 427 | Privremeni vrabotuvawa | 2.369.000 | 0 | 0 | 1.339.000 | 0 | 3.708.000 |
| **46** | **SUBVENCII I TRANSFERI** | **103.151.410** | **154.500** | **1.330.358** | **1.187.221** | **0** | **105.823.489** |
| 463 | Transferi do nevladini organizacii | 1.369.900 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.369.900 |
| 464 | Razni transferi | 101.781.510 | 154.500 | 1.330.358 | 1.187.221 | 0 | 104.453.589 |
| **47** | **SOCIJALNI BENEFICII** | **834.300** | **0** | **0** | **0** | **0** | **834.300** |
| 471 | Socijalni nadomestoci | 834.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 834.300 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **36.110.605** | **261.620** | **3.090** | **4.881.933** | **0** | **41.257.248** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 1.184.500 | 235.870 | 2.060 | 2.121.171 | 0 | 3.543.601 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 32.711.605 | 0 | 0 | 1.330.841 | 0 | 34.042.446 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 0 | 12.360 | 0 | 0 | 0 | 12.360 |
| 485 | Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 2.214.500 | 13.390 | 1.030 | 0 | 0 | 2.228.920 |
| 486 | Kupuvawe na vozila | 0 | 0 | 0 | 1.429.921 | 0 | 1.429.921 |
| **49** | **OTPLATA NA GLAVNICA** | **4.120.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.120.000** |
| 493 | Otplata na glavnina do drugi nivoa na vlast | 4.120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.120.000 |

1

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2026

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | ОПИС | БУЏЕТ<br>Буџет | <br>Приходи од самофинан. активности | <br>Приходи од дотации | <br>Приходи од донации | <br>Приходи од кредити | <br>ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **248.699.111** | **9.631.650** | **222.350.741** | **11.760.649** | **0** | **492.442.151** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **61.498.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **61.498.500** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 5.355.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.355.000 |
| 713 | Даноци на имот | 23.205.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.205.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 32.833.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 32.833.500 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 105.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 105.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **2.579.178** | **9.631.650** | **0** | **0** | **0** | **12.210.828** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.560.678 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.560.678 |
| 723 | Такси и надоместоци | 178.500 | 9.543.450 | 0 | 0 | 0 | 9.721.950 |
| 725 | Други неданочни приходи | 840.000 | 88.200 | 0 | 0 | 0 | 928.200 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **3.601.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.601.500** |
| 731 | Продажба на капитални средства | 31.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 31.500 |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 3.570.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.570.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **181.019.933** | **0** | **222.350.741** | **11.760.649** | **0** | **415.131.323** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 181.019.933 | 0 | 222.350.741 | 0 | 0 | 403.370.674 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 11.760.649 | 0 | 11.760.649 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2026

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **248.699.111** | **9.631.650** | **222.350.743** | **11.760.649** | **0** | **492.442.153** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **61.496.793** | **0** | **203.823.098** | **0** | **0** | **265.319.891** |
| 401 | Основни плати | 40.639.836 | 0 | 146.492.888 | 0 | 0 | 187.132.724 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 15.774.957 | 0 | 57.282.960 | 0 | 0 | 73.057.917 |
| 404 | Надоместоци | 5.082.000 | 0 | 47.250 | 0 | 0 | 5.129.250 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.312.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.312.500** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.155.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.155.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 157.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 157.500 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **38.873.186** | **9.207.450** | **17.168.304** | **5.573.648** | **0** | **70.822.588** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.029.000 | 239.400 | 18.900 | 64.260 | 0 | 1.351.560 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 11.177.250 | 2.495.850 | 10.889.090 | 224.910 | 0 | 24.787.100 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 2.052.750 | 4.502.400 | 1.079.400 | 0 | 0 | 7.634.550 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 5.743.500 | 526.575 | 1.219.264 | 57.834 | 0 | 7.547.173 |
| 425 | Договорни услуги | 4.908.836 | 1.067.325 | 3.410.400 | 3.604.604 | 0 | 12.991.165 |
| 426 | Други тековни расходи | 11.546.850 | 375.900 | 551.250 | 257.040 | 0 | 12.731.040 |
| 427 | Привремени вработувања | 2.415.000 | 0 | 0 | 1.365.000 | 0 | 3.780.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **105.154.350** | **157.500** | **1.356.191** | **1.210.273** | **0** | **107.878.314** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 1.396.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.396.500 |
| 464 | Разни трансфери | 103.757.850 | 157.500 | 1.356.191 | 1.210.273 | 0 | 106.481.814 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **850.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **850.500** |
| 471 | Социјални надоместоци | 850.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 850.500 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **36.811.782** | **266.700** | **3.150** | **4.976.728** | **0** | **42.058.360** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.207.500 | 240.450 | 2.100 | 2.162.358 | 0 | 3.612.408 |
| 482 | Други градежни објекти | 33.346.782 | 0 | 0 | 1.356.683 | 0 | 34.703.465 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 12.600 | 0 | 0 | 0 | 12.600 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 2.257.500 | 13.650 | 1.050 | 0 | 0 | 2.272.200 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 1.457.687 | 0 | 1.457.687 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **4.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.200.000** |
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 4.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.200.000 |

Б У Џ Е Т

1

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ресен
за 2024 година

Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/7
29.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 77/21 и 53/21), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и 203/22), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 275/19,14/20, 215/21 и 99/22) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.07/10,13/13,8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Ресен за 2024 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Ресен за 2024 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,

- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации, Буџетот на дотации или Буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година.

- за Градоначалник на општина од 10.001-25.000 жители, коефициентот за утврдување на плата е 2,9;

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Ресен и измените од истиот;

- кај вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници, вредноста на бодот изнесува 32,94 денари.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот, потпишаниот Колективен договор на вработените во Општина Ресен и Анекс на колективниот договор за вработените на Општина Ресен бр.09-2851/1 од 24.11.2022 година

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените, до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџетот на дотации ја контролира и одобрува Општина Ресен.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 50% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец. (редовни и вондредни).

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[1] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] -24 часа цела дневница (700 денари).

Доколку на вработениот му се обезбеди ноќевање и исхрана , му следува 20% од утврдениот износ од став 1 од овој член.

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 14**

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор.

Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ од 60% од просечната месечната нето плата во Република Македонија објавена до денот на исплатата.

**Член 15**

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 –Други трансфери.

**Член 16**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

---

[1] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20)

**Член 17**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши во висина од две просечни месечни нето плати исплатени во последните три месеци.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Република Македонија објавена до денот на исплатата. Во случај на смрт на член на потесно семејство(родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени за издржување), на вработениот му припаѓа парична помош во висина од една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, односно во висина на помошта утврдена со соодветниот Грански колективен договор , по претходно доставено барање со комплетна документација во годината на настапување на смртта,односно во годината која следи по годината на настапување на смртта. Исплатата ќе се врши од соодветната програма.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

**Член 20**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3)

(4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“ а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 2675/10
28.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Буџетски календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Буџетски календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/8
29.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22, 27 и 28 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 21-б од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/10, 13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 28 12.2023 година донесе,

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р
## НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТОТ
## НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Буџетскиот календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година ги утврдува роковите и носителите на активностите за подготовка на Буџетот за 2025 година.

**Член 2**

Роковите и носителите на активностите за подготовка на Буџетот за 2025 година се утврдени со следната табела:

| ДАТУМ / РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| Мај 2024 | Министерот за финансии доставува до Владата на РСМ Фискална стратегија на РСМ за наредните три години (2024-2026) |
| Најдоцна до 30-ти Септември 2024 | Министерот за финансии го доставува до општините Буџетскиот циркулар со насоки за подготвување на Предлог- Буџетот за 2025 година.<br>Со Буџетскиот циркулар општините се известуваат и за висината на дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на РСМ, буџетите на фондовите и од други извори. |
| Најдоцна до 1-ви Октомври 2024 | Градоначалникот на општината ги подготвува главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми и ги доставува до општинските буџетски корисници и до Секторите одговорни за изготвување на програмите од нивна надлежност |
| Најдоцна до 5-ти Октомври 2024 | Градоначалникот и Секторот за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на Буџетот за наредната година |
| Најдоцна до 15-ти Октомври 2024 | Секторите при Општина Ресен ги доставуваат Предлог-Програмите од нивна надлежност до Градоначалникот со образложение за висината на износите по позиции |
| Најдоцна до 20-ти Октомври 2024 | Градоначалникот на општината подготвува Предлог-План на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината. |
| Најдоцна до 31-ви Октомври 2024 | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите предлог-финансиски планови до Градоначалникот со образложение за висината на износите по позиции. |
| Октомври-Ноември 2024 | Секторот за финансиски прашања врши анализирање по доставените предлог-финансиски планови, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-Буџет и го запознава Градоначалникот со истите. |
| Најдоцна до 15-ти Ноември 2024 | Советот на општината го одобрува Предлог-Планот на програми за развој.<br>Одобрениот План на програми за развој е составен дел на Предлог-Буџетот на општината за 2025 година. |
| Ноември-Декември 2024 | Секторот за финансиски прашања го подготвува Предлог-Буџетот за 2025 година и го доставува до Градоначалникот. |
| Ноември-Декември 2024 | Градоначалникот на општината го доставува Предлог-Буџетот на општината за 2025 година и Одлуката за |

| | |
|---|---|
| | извршување на Буџетот до Советот на општината. |
| Најдоцна до 31.12.2024 | Советот на општината го донесува Буџетот за 2025 година и Одлуката за извршување на Буџетот. |

**Член 3**

Буџетскиот календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година ќе се применува со денот на објавувањто во „Службен гласник на општината Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2675/11
28.12.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2024 година

Се објавува Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/9
29.12.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 20 од Законот за платен промет („Службен весник на РМ“ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/10, 13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на Седницата одржана на ден 28.12.2023 година ја денесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на благајничкиот максимум на Општина Ресен да изнесува 120.000,оо денари.

Член 2

Сите парични средства примени во готово во благајната по која и да било основа се уплатуваат на приходните сметки преку трезорска сметка истиот ден или најкасно наредниот ден од наплатата.

Член 3

Општина Ресен може за плаќање во готово да подига од буџетската сметка и да држи во својата благајна пари во готово во висина благајничкиот максимум.

Член 4

Сите уплати и исплати во и од благајната се евидентираат во дневник на балагајната. Касовиот извештај се изготвува секој ден по извршувањето или најдоцна наредниот ден по извршениот промет.

Член 5

Плаќањето на производи и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 6.000,00 денари.

Член 6

Условите и начинот на наплата, како и располагањето и плаќањето со готовина во благајната ќе биде согласно со Законот за платниот промет и Упатствата донесени од Министерот за финансии.

Член 7

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2675/12
28.12.2023 година
Ресен

Председател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Ресен за 2024 година

Се објавува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Ресен за 2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 28.12.2023 година.

Бр.09-2735/10 Градоначалник
29.12.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен веник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 ,5/16 ,80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18, 275/19 и 14/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен на Р.М.“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ресен (Службен гласник на Општина Ресен“ број 07/10, 13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 28.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општина Ресен за 2024 година

**Член 1**

Вредноста на бодот на платите на државните службеници вработени во општинската администрација на општина Ресен за 2024 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“, а ќе започне да се применува со исплата на платата за Јануари 2024 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2675/13 Председател
28.12.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**11.**

**ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА ВО СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН БР.19/2023 ГОДИНА**

При извршеното проверување во изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Заклучокот за усвојување на Финансиски план за 2024 година на ЈОУДГ ,,11-ти Септември'' – Ресен, со бр.08-2583/46 од 14.12.2023 година објавен во „Службениот гласник на Општина Ресен“ бр.19/2023 година направена е техничка грешка поради која се дава следната исправка:

Во правниот основ и изреката од горенаведениот Заклучок наместо зборовите “ Финансиски извештај по завршна сметка за 2024 година“ треба да стои “ Финансиски план за 2024 година“

**ОПШТИНА РЕСЕН**

*Адреса:Плоштад Цар Самоил бр.20. 7310 Ресен*

*Одделение за инспекциски надзор - инспекторат*
*Општински Градежен инспектор*

Одделението за инспекциски надзор Општина Ресен преку општинскиот градежен инспектор Зоран Трајчевски, со службена легитимација број 28-0005, изврши вонреден инспекциски надзор над претставникот на субјектот на инспекциски надзор Н.Н. Непознато лице адреса на живеење: непозната и со вонреден Записник ИП-I-22-71 од 15.12.2023година Дневник бр.5-23 на КП 4934/1 во КО Ресен, ја утврди фактичката состојба по службена должност и врз основа на Член 128 став (2), Член 135 алинеа 3 и Член 137 став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и Член 83 став (2) од Закон за Инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр102/2019) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1) Се **НАРЕДУВА** на Н.Н. Непознато лице со адреса на живеење: непозната **САМ** да го отстрани објектот гаража со димензии: должина 6.90м ширина 2.90м и висина од 2.0м изработена од челичен поцинкуван лим со бруто површина од 20.0м$^2$, поставена на земјиште на К.П. 4934/1 во К.О. Ресен со Имотен лист бр.6128, сопственост на Р.С.Македонија.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува **3(три)** дена.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно Член 137 став (5) од Законот за градење.

## Образложение

Одделението за инспекциски надзор Општина Ресен преку општинскиот градежен инспектор Зоран Трајчевски, со службена легитимација број 28-0005, согласно Член 71 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр102/2019) изврши вонреден инспекциски надзор по службена должност и врз основа на Член 73 став (1) алинеа 13, Член 135 алинеа 3 и Член 137 став (1) од Законот за градење, над субјектот на инспекциски надзор Н.Н. Непознато лице со адреса на живеење: напозната, составен е записник ИП-I-22-71 од 15.12.2023г., во кој е костатирано:

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор неговата природа и околностите согласно член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор, истиот е составен во слжените простории на инспекцијата при Општина Ресен.

Инспекцискиот надзор е извршен по службена должност согласно Член 71 став (1) ос Законотза инспекциски надзор.
При вршење на надзор за предмет ИП-I-22-65 заележан е бесправно изграден помошен објект – гаража со димензии во основа 2.90м х 6.90м со висина 2.0м изработена од челичен поцинкуван лим. Со бруто површина од 20м$^2$. Истата се наоѓа на земјиште КП 4931/1 во КО Ресен кое е во сопственост на Р.С.Македонија и со тоа извршена е узрпација на државно земјиште.
При вршење на инспекцискиот надзор на ден 15.12.2023г. на лице место не е затекнато ниедно лице. Заради неможност да се утврди идентитетот на инвеститорот/градител, а согласно член 81 став (1) од Законот за инспекциски надзор, на лице место оставена е службена покана со насока во рок од 3 (три) дена лицето да се јави во служените простории на Одделението за инспекциски надзор Општина Ресен во врска со предметната градба.

Гаража е градба према член 73 став (1) алинеа 13 од Законот за градење.

Субјектот на надзорот не поседува решение за изведување, односно поставање согласно Член 73 алинеа 13 од Законот за градење.

Решението со наредба е донесено врз основа на Член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор и врз основа на Член 135 алинеа 3 и Член 137 став (1) од Законот за градење.

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно Член 137 став (5) од Законот за градење.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

ПРАВНА ПОУКА

Незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Решението до Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се поднесува со уплатена административна такса од 250,00 денари.

**Решено во одделение за инспекциски надзор во Општина Ресен под број ИП-I-22-71 од 18.12.2023 година.**

Општински градежен инспектор

Број на служена легитимација 28-0005

М.П.

м-р Зоран Трајчевски

**ОПШТИНА РЕСЕН**

*Адреса:Плоштад Цар Самоил бр.20. 7310 Ресен*

*Одделение за инспекциски надзор - инспекторат*
*Општински Градежен инспектор*

Одделението за инспекциски надзор Општина Ресен преку општинскиот градежен инспектор Зоран Трајчевски, со службена легитимација број 28-0005 врз основа на Член 142 став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23 го донесе следното:

## ЗАКЛУЧОК
### за дозвола за извршување

1) **СЕ УТВРДУВА** дека Решението ИП-I-22-71 од 21.12.2023 година, Дневник бр 5-23, донесено од страна на овластениот градежен инспектор при Општина Ресен е ИЗВРШНО и се допушта неговото административно извршување.

2) **СЕ НАЛАГА** на извршеникот Н.Н. Непознато лице со адреса на живеење: непозната, ВО РОК ОД 2 (ДВА) ДЕНА по приемот на овој Заклучок **САМ** да ја отстрани градбата: нелегално изградена гаража со димензии: должина 6.90м ширина 2.90м и висина од 2.0м изработена од челичен поцинкуван лим со бруто површина од 20.0м², поставена на земјиште на К.П. 4934/1 во К.О. Ресен со Имотен лист бр.6128, сопственост на Р.С.Македонија.

3) Доколку извршеникот на постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.

4) Жалбата против овој Заклучок не го одлага извршувањето на Решението.

### Образложение

Одделението за инспекциски надзор Општина Ресен преку општинскиот градежен инспектор Зоран Трајчевски, со службена легитимација број 28-0005, согласно Член 71 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр102/2019) изврши вонреден инспекциски надзор по службена должност и врз основа на Член 73 став (1) алинеа 13, Член 135 алинеа 3 и Член 137 став (1) од Законот за градење, над субјектот на инспекциски надзор Н.Н. Непознато лице со адреса на живеење: напозната, составен е записник ИП-I-22-71 од 15.12.2023г., во кој е костатирано:

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор неговата природа и околностите согласно член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор, истиот е составен во слжените простории на инспекцијата при Општина Ресен.

Инспекцискиот надзор е извршен по службена должност согласно Член 71 став (1) ос Законот за инспекциски надзор.

При вршење на надзор за предмет ИП-I-22-65 забележан е бесправно изграден помошен објект – гаража со димензии во основа 2.90м x 6.90м со висина 2.0м изработена од челичен поцинкуван лим. Со бруто површина од 20м$^2$. Истата се наоѓа на земјиште КП 4931/1 во КО Ресен кое е во сопственост на Р.С.Македонија и со тоа извршена е узрпација на државно земјиште.
При вршење на инспецискиот надзор на ден 15.12.2023г. на лице место не е затекнато ниедно лице. Заради неможност да се утврди идентитетот на инвеститорот/градител, а согласно член 81 став (1) од Законот за инспекциски надзор, на лице место оставена е службена покана со насока во рок од 3 (три) дена лицето да се јави во служените простории на Одделението за инспекциски надзор Општина Ресен во врска со предметната градба.

Гаража е градба према член 73 став (1) алинеа 13 од Законот за градење.

Субјектот на надзорот не поседува решение за изведување, односно поставање согласно Член 73 алинеа 13 од Законот за градење.

Решението со наредба е донесено врз основа на Член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор и врз основа на Член 135 алинеа 3 и Член 137 став (1) од Законот за градење.

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно Член 137 став (5) од Законот за градење.

Поради тоа во оваа Управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на член 142 став 1 и член 143 став 1 од Законот за градење градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23 , станува извршно со донесување Заклучок на странката на која се однесва Решението.

ПРАВНА ПОУКА :

Незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Заклучокот до Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата се поднесува со уплатена административна такса од 250,00 денари.

**Решено во одделение за инспекциски надзор во Општина Ресен под број ИП-I-22-71, Дневник 5-23 од 21.12.2023 година.**

Општински градежен инспектор

Број на служена легитимација 28-0005

М.П.

м-р Зоран Трајчевски

**СОДРЖИНА:**

1. Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации.........................................................................................стр.1

2. Решение за номинирање член на управен одбор на Центар за социјална работа – Ресен.........................................................................................стр.3

3. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен..........................................................стр.4

4. Одлука за донесување на локален акциски план за управување со отпад на Општина Ресен за 2024 -2025.......................................................стр.6

5. Програма за субвенционирање на ЈКП “Пролетер“ Ресен за 2024 година.........................................................................................стр.29

6. Буџет на Општина Ресен за 2024 година.........................................стр.32

7. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ресен за 2024 година.........................................................................................стр.92

8. Буџетски календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на општина Ресен за 2025 година……………………………………………стр.98

9. Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2024 година.........................................................................................стр.101

10. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Ресен за 2024 година.........................................................................................стр.102

11. Исправка на техничка грешка во Службен гласник на Општина Ресен бр.19/2023.........................................................................................стр.103

12. Јавна објава.........................................................................................стр.104

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**